# ЗАКОН ЗА ПОПИС НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, 2007 ГОДИНА -пречистен текст

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Закон се уредуваат подготовката, организацијата и спроведувањето на Пописот на земјоделството во Република Македонија, 2007 година (во натамошниот текст: Попис), односно единиците кои се опфаќаат со Пописот, пописните реони, надлежниот орган за организација и спроведување на Пописот и Постпописното истражување и неговата надлежност, начинот на извршување на Пописот и ангажирањето на учесниците, стручните тела и другите учесници во спроведувањето на Пописот, употребата на јазиците во Пописот, користењето, чувањето и заштитата на податоците од Пописот, обработката и објавувањето на податоците од Пописот, информирањето на населението за целите и значењето на Пописот и неговото финансирање.

### Член 2

Агрегираните (збирни) податоци, добиени од податоците собрани со Пописот, ќе се користат за:
- макроекономски планирања;
- научни и други истражувања и
- статистички цели.

Индивидуалните податоци од Пописот може да се користат за воспоставување, водење и ажурирање на статистички регистри кои се во надлежност на Државниот завод за статистика.

### Член 3

Индивидуалните податоци за деловните субјекти и личните податоци за физичките лица (во натамошниот текст:индивидуални податоци), прибрани со Пописот, претставуваат строго доверливи податоци и подлежат на заштита во согласност со одредбите на овој и друг закон.

### Член 4

Пописот ќе се спроведе од 1јуни до 15 јуни 2007 година.

Постпописното истражување за статистичка контрола на опфатот и квалитетот на податоците од Попсот (во натамошниот текст: Постпописно истражување) ќе се спроведе од 16 јуни до 20 јуни 2007 година.

Пописот и Постпописното истражување ќе се спроведат според состојбата на 31 мај 2007 година и според состојбата во период од една година пред спроведувањето на Пописот (1 јуни 2006 до 31 мај 2007 година).

## Член 5

Одделни поими кои се употребуваат во овој Закон го имаат следното значење:
1. "Домаќинство" претставува семејна или друга заедница на лица кои ќе изјават дека заедно живеат и заеднички ги трошат своите приходи за подмирување на основните животни потреби (домување, исхрана и други), без оглед дали сите членови постојано се наоѓаат во местото каде што е населено домаќинството или некои од нив определено време престојуваат во друго населено место, односно странска држава, заради работа, школување или од други причини.
2. "Индивидуално земјоделско стопанство" претставува единствена техничко-економска единица, со единствена управа, која произведува земјоделски производи.
3."Шума" претставува секоја површина поголема од 500 $м^2$ која е обрасната со шумски дрвја во видови насади и служи за производство на шумски сортименти или има заштитна функција или посебна намена.
4. "Рибник" претставува ограничен , затворен простор, во кој се одгледуваат риби и кој може по желба да се полни со вода и да се празни. Како составен дел на рибникот се сметаат и каналите со кои се доведува и испушта водата од рибникот.
5."Земјоделско производство" претставува одгледување на нивски посеви, овошје, посеви за семе, расадници (без расадници за шумски дрвја), градинарски посеви и цвеќе (на отворено и под заштитен простор), одгледување на добиток и производство на добиточни производи.
6. "Земјишен фонд" претставува вкупна земјоделска површина која по категории на користење се дели на: обработлива површина (ораници и бавчи, овошни градини, лозја и ливади), пасишта, бари, трстици и рибници.
7."Добиточен фонд" претставува бројна состојба на добитокот по категории.
8."Агротехнички мерки" претставуваат мерки кои човекот ги применува во земјоделското производство со цел да се обезбедат оптимални услови за пораст и развиток на растенијата.
9."Објекти во стопанството" претставуваат градежни конструкции од цврст материјал кои служат за сместување на добиток, живина, органско ѓубриво, земјоделски производи, машини и опрема и друго.
10. "Рибарство" претставува користење, управување и заштита на рибниот фонд.
11. "Шумарство" претставува одгледување, користење и заштита на шумите и шумските култури на површини под шума и погодни за шума, како и пошумување и расадничко производство.
12."Лица кои учествуваат во земјоделското производство"се сите лица членови или не на домаќинството, кои постојано или повремено се ангажирани во земјоделското производство.
13."Земјоделска механизација и опрема" претставува комплекс од машини и алатки кои се користат за извршување на агротехнички мерки.
14. "Пописен круг" претставува дел од територијата формиран за потребите на Пописот кој најчесто опфаќа од 20 до 100 домаќинства.

## II. ЕДИНИЦИ КОИ СЕ ОПФАЌААТ СО ПОПИСОТ

## Член 6

Со Пописот се опфаќаат:
1. Индивидуалните земјоделски стопанства;
2. Домаќинствата кои поседуваат шума;
3. Домаќинствата кои поседуваат рибник;

4. Деловните субјекти и единиците во состав на деловните субјекти кои во согласност со Националната класификација на дејностите, според претежната дејност се распределени во секторот Земјоделство, лов и шумарство;
5. Деловните субјекти и единиците во состав на деловните субјекти кои во согласност со Националната класификација на дејностите, според претежната дејност не се распределени во секторот Земјоделство, лов и шумарство, но вршат активности во овој сектор.

**Член 7**

За единиците кои се опфаќаат со Пописот се прибираат податоци за:
1. Земјишниот фонд;
2. Добиточниот фонд;
3. Земјоделското производство;
4. Агротехничките мерки;
5. Механизацијата и опремата;
6. Објектите во стопанството;
7. Шумарството;
8. Рибарството;
9. Лицата кои учествуваат во земјоделското производство.

## III. ПОПИСНИ РЕОНИ

**Член 8**

За организационите потреби на Пописот се определуваат 41 пописен реон и нивни седишта:

| ***Пописен реон*** | ***Седиште*** | ***Општини кои влегуваат во реонот*** |
|---|---|---|
| *Пописен реон 1* | *Берово* | *Берово*<br>*Пехчево* |
| *Пописен реон 2* | *Делчево* | *Делчево*<br>*Македонска Каменица* |
| *Пописен реон 3* | *Виница* | *Виница* |
| *Пописен реон 4* | *Крива Паланка* | *Крива Паланка*<br>*Ранковце* |
| *Пописен реон 5* | *Кратово* | *Кратово* |
| *Пописен реон 6* | *Пробиштип* | *Пробиштип* |
| *Пописен реон 7* | *Свети Николе* | *Свети Николе*<br>*Лозово* |
| *Пописен реон 8* | *Радовиш* | *Радовиш*<br>*Конче* |
| *Пописен реон 9* | *Неготино* | *Неготино*<br>*Демир Капија* |
| *Пописен реон 10* | *Гевгелија* | *Гевгелија*<br>*Богданци*<br>*Дојран* |
| *Пописен реон 11* | *Валандово* | *Валандово* |
| *Пописен реон 12* | *Кочани* | *Кочани*<br>*Зрновци*<br>*Чешиново-Облешево* |
| *Пописен реон 13* | *Струмица* | *Струмица* |

| | | |
|---|---|---|
| | | *Василево* |
| *Пописен реон 14* | *Ново Село* | *Босилово*<br>*Ново Село* |
| *Пописен реон 15* | *Штип* | *Штип*<br>*Карбинци* |
| *Пописен реон 16* | *Кавадарци* | *Кавадарци*<br>*Росоман* |
| *Пописен реон 17* | *Велес* | *Велес*<br>*Градско*<br>*Чашка* |
| *Пописен реон 18* | *Прилеп* | *Прилеп*<br>*Долнени*<br>*Кривогаштани* |
| *Пописен реон 19* | *Битола* | *Битола*<br>*Могила*<br>*Новаци* |
| *Пописен реон 20* | *Ресен* | *Ресен* |
| *Пописен реон 21* | *Охрид* | *Охрид*<br>*Дебарца* |
| *Пописен реон 22* | *Струга* | *Струга*<br>*Вевчани* |
| *Пописен реон 23* | *Дебар* | *Дебар*<br>*Центар Жупа* |
| *Пописен реон 24* | *Демир Хисар* | *Демир Хисар* |
| *Пописен реон 25* | *Крушево* | *Крушево* |
| *Пописен реон 26* | *Македонски Брод* | *Македонски Брод*<br>*Пласница* |
| *Пописен реон 27* | *Кичево* | *Кичево*<br>*Вранештица*<br>*Другово*<br>*Зајас*<br>*Осломеј* |
| *Пописен реон 28* | *Гостивар* | *Гостивар*<br>*Врапчиште*<br>*Маврово и  Ростуша* |
| *Пописен реон 29* | *Тетово* | *Тетово*<br>*Боговиње* |
| *Пописен реон 30* | *Желино* | *Брвеница*<br>*Желино* |
| *Пописен реон 31* | *Теарце* | *Теарце*<br>*Јегуновце* |
| *Пописен реон 32* | *Бутел* | *Бутел*<br>*Шуто Оризари*<br>*Чучер- Сандево* |
| *Пописен реон 33* | *Ѓорче Петров* | *Ѓорче Петров*<br>*Сарај* |
| *Пописен реон 34* | *Карпош* | *Карпош* |
| *Пописен реон 35* | *Центар* | *Центар*<br>*Чаир* |
| *Пописен реон 36* | *Студеничани* | *Студеничани*<br>*Зелениково* |
| *Пописен реон 37* | *Кисела Вода* | *Кисела Вода*<br>*Аеродром*<br>*Сопиште* |

| | | |
|---|---|---|
| *Пописен реон 38* | *Гази Баба* | *Гази Баба* |
| *Пописен реон 39* | *Илинден* | *Илинден*<br>*Арачиново*<br>*Петровец* |
| *Пописен реон 40* | *Куманово* | *Куманово*<br>*Старо Нагоричане* |
| *Пописен реон 41* | *Липково* | *Липково* |

**Член 9**

За секој пописен реон се назначува по една Комисија за пописниот реон.

Општините каде што е седиштето на Комисијата за соодветниот пописен реон се должни да обезбедат работни простории на комисиите за пописните реони.

## IV. НАДЛЕЖЕН ОРГАН ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОПИСОТ И ПОСТПОПИСНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ

**Член 10**

Пописот го организира и спроведува Државниот завод за статистика .

**Член 11**

**Државниот завод за статистика:**

1. Ја пропишува Методологија за Пописот и содржината на сите пописни и помошни обрасци и материјали потребни за спроведување на Пописот;
2. Во соработка со Државниот завод за геодетски работи, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството, ги определува пописните кругови и ги врши сите техничко-организациони работи за просторните единици;
3. Ги утврдува критериумите за избор на инструкторите за пописните реони и попишувачи;
4. Утврдува финансиски план за користење на обезбедените средства за Пописот;
5. Утврдува принципи, мерила и критериуми за надомест за извршените работи на учесниците во Пописот;
6. Формира стручно тело, Биро за Попис, за извршување на организационите и стручните задачи на Државниот завод за статистика во реализацијата на Пописот;
7. Ги координира и контролира подготовките и спроведувањето на Пописот;
8. Ја утврдува Програмата за обработка, со содржина на обработните и публикационите табели;
9. Навремено го известува населението за целите и задачите и други прашања во врска со Пописот;
10. Врши стручна обука на членовите на комисиите за пописните реони, инструкторите за пописните реони и попишувачите;
11. Обезбедува инструменти (обрасци, упатства и друго) за спроведување на Пописот и ги доставува до комисиите за пописните реони;
12. Врши прибирање и обработка на пописниот материјал;

13. Подготвува и објавува резултати од Пописот;
14.Поднесува извештај за Пописот до Владата на Република Македонија (во натамошниот текст:Владата) во рок од шест месеци по објавувањето на дефинитивните резултати од Пописот;
15. Врши и други работи во согласност со одредбите на овој Закон.

**Член 12**

Постпописното истражување ќе се спроведува во случајно избрани пописни кругови и општини.

Постпописното истражување од став 1 на овој член ќе се врши на посебни обрасци.

Содржината на обрасците од став 2 на овој член ја пропишува директорот на Државниот завод за статистика.

## V. СТРУЧНИ ТЕЛА И УЧЕСНИЦИ ВО СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПОПИСОТ

**Член 13**

Во подготовката, организацијата и спроведувањето на Пописот и Постпописното истражување учествуваат и:

-Управниот комитет за развој на земјоделските статистики (во натамошниот текст: Управен комитет);
-Советот за статистика на Република Македонија;
-Комисиите за пописните реони;
-Државните инструктори;
-Инструкторите за пописните реони (во натамошниот текст: реонски инструктори);
-Попишувачите и
-Други учесници во согласност со одредбите на овој Закон.

**Член 14**

Управниот комитет е стручно тело на Владата и е составен од претседател и 12 членови.

Претседателот и членовите на Управниот комитет ги именува Владата од претставници на следните институции:

| | |
|---|---|
| 1.Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство | - 2 члена |
| 2.Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството | - 1 член |
| 3.Секретаријатот за европски прашања при Владата | - 1 член |
| 4.Државниот завод за геодетски работи | - 1 член |
| 5.Факултетот за земјоделски науки и храна | - 1 член |
| 6.Министерството за шумарство и водостопанство-Ветеринарна управа на Република Македонија | - 1 член |
| 7.Здружението на единиците на локалната самоуправа | - 1 член |
| 8.Федерацијата на македонските фармери | - 1 член |
| 9.Шумарскиот факултет во Скопје | - 1 член |
| 10.Државниот завод за статистика | - 3 члена |

Директорот на Државниот завод за статистика по функција е претседател на Управниот комитет.

Мандатот на претседателот и на членовите на Управниот комитет трае до објавувањето на дефинитивните резултати од Пописот.

При именувањето на членовите на Управниот комитет ќе се има предвид принципот на соодветна и правична застапеност на заедниците во Република Македонија.

За својата работа Управниот комитет донесува деловник за работа.

**Член 15**

Управниот комитет ги врши следните работи :

1.Дава мислење за содржината на Методологијата за Пописот и пописните обрасци на директорот на Државниот завод за статистика;

2.Дава предлози и сугестии при подготовката на инструментите и методолошките основи на Пописот на директорот на Државниот завод за статистика;

3.Дава стручна помош на Државниот завод за статистика во обработката на пописниот материјал;

4.Учествува во информирањето на населението за значењето на Пописот;

5.Разгледува прашања во врска со реализацијата на Пописот;

6.Дава мислење по Програмата за обработка, со содржина на обработните и публикационите табели;

7.За својата работа тековно ја известува Владата.

**Член 16**

Советот за статистика на Република Македонија, како стручно советодавно тело за државната статистика, во согласност со Законот за државната статистика дава предлози и сугестии при подготовката на инструментите и методолошките основи за Пописот и дава мислење на директорот на Државниот завод за статистика за содржината на Методологијата за Пописот и пописните обрасци.

**Член 17**

Заради подготовка, организација и спроведување на Пописот, на подрачјето на пописниот реон се формира Комисија за пописен реон како оперативно-техничко тело.

Комисиите за пописните реони се составени од 5 до 9 членови вклучувајќи го и претседателот.

Претседателот и членовите на Комисијата за пописниот реон се именуваат со решение што го донесува директорот на Државниот завод за статистика.

Членовите на Комисијата за пописниот реон, вклучувајќи го и претседателот, се претставници на :

1.Државниот завод за статистика-1 член

2.Општината - до 3 члена

3.Државниот завод за геодетски работи- 1 член

4.Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство- до 2 члена и

5.Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството- до 2 члена.

При именувањето на членовите на Комисијата за пописниот реон ќе се има предвид принципот на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во пописниот реон.

**Член 18**

Комисијата за пописниот реон ги врши следните работи:

1.Учествува во координирањето на работата на учесниците во Пописот на подрачјето на пописниот реон;

2.Во пописниот реон учествува во информирањето на населението за значењето на Пописот и за правата и должностите на граѓаните во Пописот;

3.Предлага распоред на попишувачите и инструкторите;

4.Презема мерки за навремено опфаќање на единиците на Пописот;

5.Презема и распоредува пописен материјал на попишувачите;

6.Се грижи за правилна примена на методолошките и организационите упатства за Пописот;

7.Го презема и го контролира пописниот материјал од реонските инструктори, заедно со државните инструктори;

8.Дава мислење за избор на реонските инструктори и попишувачи и

9.Врши и други работи и задачи во врска со Пописот, во согласност со Упатството за начинот на работа на комисиите за пописните реони и со овој Закон.

**Член 19**

Државните инструктори ги назначува директорот на Државниот завод за статистика од редот на стручни државни службеници.

За секој пописен реон се назначуваат од еден до двајца државни инструктори.

Државните инструктори ги вршат следниве работи:

1.Учествуваат во подготовките и спроведувањето на инструктажните состаноци во подрачјето на пописниот реон;

2.Вршат целосен увид во спроведувањето на Пописот во пописниот реон;

3.Им даваат стручни толкувања на учесниците во Пописот за методолошките материјали и другите инструменти во Пописот;

4.Ги пренесуваат ставовите на Државниот завод за статистика по определени прашања од Пописот и обезбедуваат запознавање на сите учесници во Пописот и нивна примена на теренот;

5.Редовно и непосредно го следат спроведувањето на Пописот;

6.Ја следат работата на Комисијата за пописниот реон и даваат стручна помош во организацијата и спроведувањето на Пописот и непосредно укажуваат на неправилностите во работењето;

7.Секојдневно го информираат Државниот завод за статистика за подготовките, текот и спроведувањето на Пописот; и

8.Вршат и други работи и задачи во врска со Пописот, во согласност со Упатството за начинот на работењето на државните инструктори и со овој Закон.

**Член 20**

Реонските инструктори и попишувачи ги избира Комисија што ја формира директорот на Државниот завод за статистика, по добиено мислење од Комисијата за пописниот реон, ако ги исполнуваат следните општи услови:

-да се државјани на Република Македонија;

-да се полнолетни и

-да имаат завршено најмалку средно образование.

При изборот на реонските инструктори и попишувачите ќе се води сметка за социјалната и националната структура на населението што се попишува, за довербата која избраниот реонски инструктор и попишувач би ја имал кај месното население, неговата можност за комуникација со лицето кое се попишува и за знаењето на мајчиниот јазик на кој зборува локалното население.

Директорот на Државниот завод за статистика со правилник ќе ја пропише и постапката за избор на реонски инструктори и попишувачи.

**Член 21**

Реонските инструктори непосредно го следат попишувањето што го вршат попишувачите и ја координираат и организираат нивната работа во пописните кругови за кои се задолжени.

Реонските инструктори работат во согласност со упатството за работа и за својата работа, текот на попишувањето и другите активности во врска со Пописот, тековно ја информираат Комисијата за пописниот реон и државниот инструктор за пописните кругови за кои се задолжени.

Реонскиот инструктор го контролира пописниот материјал и ја координира работата на попишувачите.

**Член 22**

Попишувачот врши непосредно попишување на теренот и е обврзан да ги пополнува пописните обрасци во согласност со инструментите за спроведување на Пописот.

Стручна помош при извршувањето на Пописот на попишувачот му даваат реонските инструктори, државните инструктори и Комисијата за пописен реон.

**Член 23**

Во подготовките и спроведувањето на Пописот учествуваат и други лица за вршење на административно-технички и други работи.

Начинот на реализација на задачите од став 1 на овој член, бројот на потребните лица, остварувањето на комуникација и соработката со комисиите за пописните реони ќе се уреди со Правилник кој го донесува директорот на Државниот завод за статистика.

## VI.УПОТРЕБА НА ЈАЗИЦИТЕ ВО ПОПИСОТ

**Член 24**

Попишувачот е должен да ги информира лицата кои се попишуваат дека имаат право на слободно избирање на попишување :на службениот македонски јазик и неговото кирилско писмо или на друг службен јазик и неговото писмо што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Македонија и на службен македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот и писмото кој исто така е службен, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на единиците на локалната самоуправа каде што се врши попишувањето.

Попишувањето се спроведува на службен македонски јазик и неговото кирилско писмо.

Во случаите каде што попишувањето се спроведува на службен јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Македонија, образецот се пополнува на тој јазик и писмо и дополнително на македонски јазик и неговото кирилско писмо.

Во случаите каде што попишувањето се спроведува на службен јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на единиците на локалната самоуправа каде што се врши попишувањето, образецот се пополнува на јазикот по избор на лицето кое се попишува и дополнително на македонски јазик и неговото кирилско писмо.

Обрасците се печатат на службен македонски јазик и неговото кирилско писмо, на јазикот и писмото што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Македонија и на македонски јазик и неговото кирилско писмо, како и на јазикот и писмото што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на единиците на локалната самоуправа каде што се врши попишувањето и на македонски јазик и неговото кирилско писмо.

## VII. НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПОПИСОТ И АНГАЖИРАЊЕ НА УЧЕСНИЦИТЕ

### Член 25

Податоците за индивидуалните земјоделски стопанства се прибираат од лицето кое е носител, односно сопственик/корисник или управител на земјоделското стопанство или од полнолетниот член на домаќинството на кој податоците му се најмногу познати.

Лицето од став 1 на овој член е должно да даде точни и целосни податоци.

Податоците за индивидуалните земјоделски стопанства се прибираат со методот на интервју, на пописни обрасци кои ги пополнува попишувачот.

### Член 26

Податоците од деловните субјекти и единиците во состав на деловните субјекти кои вршат земјоделско производство ги пополнува овластено лице, а ги заверува одговорното лице на деловниот субјект.

Пописните обрасци се прибираат со известувачки(поштенски) метод.

### Член 27

Основни пописни обрасци се : Прашалник за индивидуални земјоделски стопанства и Прашалник за деловни субјекти.

Содржината и формата на пописните обрасци ги пропишува директорот на Државниот завод за статистика.

### Член 28

Работодавецот е должен да им овозможи учество во Пописот на своите работници кои ќе бидат именувани за членови на комисиите за пописни реони.

Работодавецот има право на рефундација на исплатениот надомест на плата за време на ангажирањето на лицата од став 1 на овој член во висина од 100% на платата, односно надоместот на платата исплатена во последниот месец пред ангажирањето.

Исплатата на средствата од став 2 на овој член се врши од средствата обезбедени во буџетот на Република Македонија.

По исклучок од став 2 на овој член, работодавецот - единка, корисник на средства од буџетот на Република Македонија, нема право на рефундација на исплатениот надомест на плата.

Начинот и постапката за остварување на надоместот од став 2 на овој член со правилник ги пропишува директорот на Државниот завод за статистика.

**Член 29**

За подготовката и спроведувањето на Пописот и обработката на пописниот материјал, Државниот завод за статистика може да вработува лица на определено време, во согласност со закон.

**Член 30**

Директорот на Државниот завод за статистика склучува договор за дело со учесниците во Пописот кои се ангажираат во својство на инструктори, попишувачи и со лицата за вршење на административно-технички и други работи.

**Член 31**

Директорот на Државниот завод за статистика на лицата кои учествуваат во Пописот во својство на претседатели и членови на комисиите за пописните реони, реонски инструктори и попишувачи, за работата во Пописот им издава писмено овластување кое важи само со лична карта.

Учесниците во Пописот од став 1 на овој член, при извршувањето на своите задачи во Пописот, должни се, без претходно барање, да го покажат издаденото овластување.

Учесникот во Пописот од став 1 на овој член кој не го почитува овој Закон, упатствата и инструментите при вршењето на попишувањето, ќе биде разрешен од функционерот кој го избрал и овластувањето ќе му биде одземено.

Предлог за разрешување на член на Комисија за пописен реон, реонски инструктор и попишувач може да поднесе државниот инструктор, а за попишувачот и реонскиот инструктор и Комисијата за пописниот реон.

## VIII. КОРИСТЕЊЕ, ЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ПОПИСОТ

**Член 32**

Индивидуалните податоци прибрани во Пописот можат да се користат за:

-целите утврдени со овој Закон;

-целите за кои во согласност со Законот за државната статистика може да се користат индивидуални податоци и

-воспоставување и водење на статистички регистри што ги води Државниот завод за статистика.

**Член 33**

Индивидуалните податоци прибрани во Пописот не може да се користат за воспоставување, водење и ажурирање на административни регистри.

**Член 34**

Попишаните лица и деловни субјекти задолжително се информираат за заштитата на индивидуалните податоци што ќе бидат собрани со Пописот и дека овие податоци не може да се користат за донесување на какви било одлуки во врска со правното или физичкото лице на кое се однесуваат.

Во сите пописни обрасци ќе се наведе дека индивидуалните податоци што се прибираат со Пописот се строго доверливи и заштитени со овој Закон и со друг закон.

**Член 35**

Лицата кои се овластени да учествуваат во спроведувањето на Пописот, како и вработените лица од Државниот завод за статистика и договорните изведувачи, се должни сите индивидуални податоци кои ќе ги добијат за целите на Пописот да ги чуваат како строго доверливи податоци, за време и по завршувањето на Пописот.

Лицата од став 1 од овој член задолжително се информираат за обврските за чување на тајноста на податоците од Пописот.

**Член 36**

За податоците од Пописот ќе се обезбедат соодветни мерки за заштита и сигурност од неовластено давање, користење и поврзување, како и уништување, губење или промена на податоците.

Директорот на Државниот завод за статистика со правилник ќе ги пропише мерките и техниките за заштита на податоците од Пописот.

**Член 37**

По публикувањето на дефинитивните резултати, пописните обрасци со кои е спроведен Пописот ќе бидат складирани како строго доверливи документи, заштитени со закон, и ќе се чуваат до спроведувањето на следниот Попис на земјоделството, а потоа се уништуваат.

## IX. ОБРАБОТКА И ОБЈАВУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ПОПИСОТ

**Член 38**

Обработката на податоците од Пописот ја врши Државниот завод за статистика според утврдена Програма и утврдена временска динамика.

**Член 39**

Резултатите од собраните податоци за пописни цели ќе бидат публикувани или подготвени за потребите на корисниците, како агрегирани податоци.

**Член 40**

Државниот завод за статистика, за потребите на корисниците на статистичките податоци, може да изготвува агрегирани (збирни) податоци и надвор од Програмата од член 38 од овој Закон.

Во случаите од став 1 на овој член, барателот на податоците е должен да ги надомести трошоците за дополнителните обработки во согласност со Решението за цените на публикационите материјали што ги подготвува Државниот завод за статистика и трошоците за дополнителна обработка на податоците.

**Член 41**

Дефинитивните резултати од Пописот, Државниот завод за статистика ги објавува сукцесивно, по завршувањето на обработката, а најдоцна до 01 октомври 2007 година.

## X.ИНФОРМИРАЊЕ НА НАСЕЛЕНИЕТО ЗА ЦЕЛИТЕ И ЗНАЧЕЊЕТО НА ПОПИСОТ

**Член 42**

Државниот завод за статистика организира информативна кампања за целосно и навремено информирање на населението на Република Македонија за целите и задачите на Пописот, начинот и постапката на попишување, како и правата и обврските на граѓаните во спроведувањето на Пописот.

## XI . ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОПИСОТ

**Член 43**

Вкупно потребните средства на Државниот завод за статистика за подготовка, спроведување и обработка на Пописот ќе се обезбедат во рамките на средствата обезбедени во буџетот на Државниот завод за статистика за тековната година.

Доколку се обезбедат средства и од меѓународни донатори, износот на средствата кои ќе бидат обезбедени од Буџетот на Република Македонија ќе се намали во висина на обезбедениот износ од донаторите.

**Член 44**

Финансиските аранжмани за средствата кои ќе бидат обезбедени од меѓународните организации ќе бидат специфицирани со договори или меморандуми за разбирање.

**Член 45**

Директорот на Државниот завод за статистика поднесува извештај до Владата за опфатноста и целите на трошењето на средствата наведени во член 43 на овој Закон.

## XII . КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

**Член 46**

Со парична казна од 1000 денари до 15000 денари ќе се казни за прекршок физичко лице, ако :

- одбие да ги даде податоците што се бараат од него за Пописот, или даде неточни податоци ;
(член 25)
- во својство на попишувач не постапува во согласност со упатствата и инструментите при вршење на попишувањето;
(член 31 став 3)
- како лице-учесник во Пописот издава строго доверливи податоци од Пописот на трето лице;
(член 35)
- за непреземање на пропишаните мерки и нивно непочитување во врска со заштитата на податоците.
(член 36)

## XIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 47**

Актите чие донесување е утврдено со овој Закон ќе се донесат во рок од три месеци од денот на неговото влегување во сила.

**Член 48**

Обрасците за спроведување на Пописот ќе се пропишат и ќе се објават во ″Службен весник на Република Македонија″ во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој Закон.

**Член 49**

Овој Закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".